Врз основа на член 9 став 3 од Законот за високото образование (Сл.весник бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2016, 30/2016, 120/2016, 127/2016), член 3, став 2 и член 97, став 1 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 40 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Стоматолошкиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 136/09, 199/12, 262/13), Наставно научниот совет на на Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ Стоматолошкиот факултет во Скопје, на својата 38-ма редовна седница одржана на ден 23.12.2016 година, едногласно го донесе следниов

# ПРАВИЛНИК

## за изменување на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Стоматолошкиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Стоматолошкиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје (*Универзитетски гласник* бр. 136/09, 199/12, 262/13).

**Член 2**

Во член 4 став 4 се менува и гласи:

Седиштето на Факултетот е на ул. „Мајка Тереза" бр. 43, Скопје.

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во *Универзитетски гласник*.

**Декан**
**Проф. д-р Љубен Гугувчевски, с.р.**